Врз основа на член 65 став(6) од Законот за животна средина (Сл. Весник на РМ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 42/16), Министерство за транспорт и врски, на ден 11.04.2017 година, донесе

Одлука за Неспроведување на стратегиска оцена

1. За планскиот документ ДУПД за брана и акумулација Речани со придружни објекти (дел од хидросистемот Оризарска река), општина Кочани кој се носи согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање, не е потребно да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина согласно член 65 од Законот за животна средина.

2. Одлуката заедно со формуларите за определување на потребата од спроведување, односно неспроведување на стратегиска оцена се објавува на веб страната на Министерство за транспорт и врски, www.mtc.gov.mk.

3. Согласно критериумите за определување на тоа дали еден плански документ има влијание врз животната средина од член 65 став (4) од Законот за животна средина и врз основа на податоците од Прилог 2 на Правилникот за формата, содржината и образецот на одлуката за спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена и формуларите за потребата од спроведување, односно неспроведување на стратегиска оцена донесувањето на планскиот документ ДУПД за брана и акумулација Речани со придружни објекти (дел од хидросистемот Оризарска река), општина Кочани нема да има негативно влијание врз животната средина од следните причини: Претходно е спроведена стратегиска оценка и истата е изработена согласно најновите сознанија за влијанијата врз животната средина со цел да може истата да се користи во процесот на усвојување на постоечкиот плански документ. За овој документ е добиено позитивно мислење по финален извештај на Стратегиска оцена на животна средина од Министерство за животна средина и просторно планирање, со број 15-1998/2 од 21.02.2014 година.

4. Против оваа одлука може да се поднесе жалба до Министерството за животна средина и просторно планирање во рок од 15 дена од денот на објавувањето на одлуката на веб страната.

Бр. 24-3818/1
Датум: 11.04.2017 год.
Место: Скопје

Министер

Владо Мисајловски

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ 5 СКОПЈЕ

| Податоци за органот кој го изработува планскиот документ | |
|---|---|
| Назив на планскиот документ | ДУПД за брана и акумулација Речани со придружни објекти (дел од хидросистемот Оризарска река), општина Кочани |
| Орган надлежен за изработка на планскиот документ | Агенција за просторно планирање Скопје, лиценца бр. 0002 |
| Орган надлежен за донесување на планскиот документ | Министерство за транспорт и врски |

| Податоци за изработувачот на планскиот документ | |
|---|---|
| Име на лицето овластено за подготвување на планскиот документ | М-р Јулијана Ставревски, дипл. инж. арх.<br>бр. на овластување. 0.0382 |
| Назив на работното место | Планер |
| Контакт податоци за лицето | Плоштад Македонија бб/4, 1000 Скопје,<br>Република Македонија<br>телефон: ++ 389 2 3227 244 / факс: ++ 389 2 3227 244 |

<table>
<tr><th colspan="4">Основни податоци за планскиот документ</th></tr>
<tr><td colspan="4">Од што произлегува донесувањето на планскиот документ? (пр. законска обврска или друга одредба)</td></tr>
<tr><td colspan="4">Согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр: 51/05, 137/07, 91/09, 124/10, 18/11, 53/11 и 144/12), Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ. бр. 63/12 и 19/13), а врз основа на годишната Програма за изработка на Урбанистички планови и Државна и Локална урбанистичка планска документација во Република Македонија во 2013 година (Сл. Весник бр. 04/13) во точка 1.1 потребно е да се изработи за локацијата, односно планскиот опфат:<br>Државно Урбанистичка планска документација за Брана и Акумулација "Речани" со придружни објекти (дел од хидросистемот „Оризарска Река“),Општина Кочани.</td></tr>
<tr><td colspan="4">Дали се донесува нов плански документ или се вршат измени на постојниот?</td></tr>
<tr><td colspan="4">Да<br>Не X</td></tr>
<tr><td colspan="4">Доколку се врши измена на постоечки плански документ наведете го називот на стариот плански документ и причините за негово изменување?</td></tr>
<tr><td colspan="4">На предметниот плански опфат Државно урбанистичка планска документација за Брана и Акумулација „Речани“ со придружни објекти (дел од хидросистемот „Оризарска Река“), досега не е изработена планска документација.</td></tr>
<tr><td colspan="4">Дали планскиот документ опфаќа област определена со член 65 став 2 од Законот за животна средина? Доколку одговорот е ДА наведете ја областа.</td></tr>
<tr><td colspan="4">ДА – управување со водите.</td></tr>
<tr><td colspan="4">Дали планскиот документ е определен со уредбата за стратегиите, плановите и програмите, вклучувајќи ги и промените на тие стратегии, планови и програми, за кои задолжително се спроведува постапка за оцена на нивното влијание врз животната средина и врз животот и здравјето на луѓето. Доколку е определен наведете ја точката и алинејата под која е определен. (пр. член 3, точка 1, алинеја 5)</td></tr>
<tr><td colspan="4"></td></tr>
<tr><td>Да √<br>Не</td><td>Член: 3</td><td>Точка:11</td><td>Алинеја:6</td></tr>
<tr><td colspan="4">Дали со планскиот документ се планира реализирање на проект што е предвиден со Уредбата за определување на проектите и критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапка за оцена на влијанието врз животната средина. Доколку одговорот е позитивен наведете за каков проект станува збор.</td></tr>
<tr><td colspan="4">Да. Прилог I, точка 12 Хидротехнички објекти</td></tr>
<tr><td colspan="4">Дали планскиот документ опфаќа користење на мала област од локално значење како што е определено со член 65 став 3 од Законот за животна средина. Доколку одговорот е ДА, наведете ја површината на областа и нејзиното значење.</td></tr>
<tr><td colspan="4">Не.</td></tr>
<tr><td colspan="4">Да се наведе целта на донесување на планскиот документ и да се опише клучната одлука која ќе се донесе.</td></tr>
<tr><td colspan="4">• водоснабдување на населението и индустријата во општините: Кочани, Виница, Чешиново - Облешево и Зрновци;<br>• наводнување на површините погодни за интензивно земјоделско производство;<br>• производство на електрична енергија со две или три мали хидроелектрани;<br>• оплеменување на малите води;<br>• заштита од поплави и<br>• развој на туризмот, спортот и рекреацијата.<br>• можност за реализација на акумулација и брана на Оризарска Река чија примарна функција би била за водоснабдување на околните населени места<br>• поврзаност со сите делови на Македонија преку системот на примарната и секундарна сообраќајна мрежа според Просторен план на РМ;<br>• можноста за поврзување на инфраструктурните водови за снабдување со електроенергија и телекомуникации.</td></tr>
<tr><td colspan="4">Предмет на планскиот документ. (пр. транспорт, планирање на просторот и сл.)</td></tr>
<tr><td colspan="4">Планирање на просторот.</td></tr>
<tr><td colspan="4">Периодот за донесување на планскиот документ.</td></tr>
</table>

| |
|---|
| Во Законот за просторно и урбанистичко планирање за ДУПД нема одреден период за донесување на планскиот документ. |
| **Предвидено ревидирање на планскиот документ. Доколку е предвидено ревидирање, на колку години?** |
| / |
| Простор или област опфатени со планскиот документ. (пр. географска област, добро е да се прикачи мапа) |
| Локацијата е во месноста Речани, на растојание од околу 500 м низводно од спојот на Бела Река и Црна река и 18 км возводно (на север) од селото Оризари.<br><br> |
| Целите и/или предлог целите што треба да се постигнат со реализирањето на планскиот документ и дали истите се содржани во акт или документ. |
| Да √<br>Не |
| **Дали е приложена копија од целите?** |
| Да √<br>Не ☐ |

| | |
|---|---|
| **Резиме на влијанијата врз животната средина**<br>(Да се определи дали имплементацијата на планскиот документ ќе предизвика значително влијание врз животната средина, потребно е да ги пополните прашањата кои следат подолу како водич за определување на значителното влијание на ефектите врз животната средина, а кои се во согласност со Уредбата за критериумите врз основа на кои се донесуваат одлуките дали определени плански документи би можеле да имаат значително влијание врз животната средина и здравјето на луѓето.) | |
| Потенцијалните влијанија врз животната средина од планскиот документ можат да настанат од:<br>• Расчистување на вегетација, движење на механизацијата по неасфалтирани патишта, складирање на материјали на несоодветни локации;<br>• Градежните активности, движењата на камионите и механизацијата, минирањето може да предизвикаат повисоки нивоа на бучава;<br>• Евентуални пропуштања и истекувања на масло од возилата или опремата;<br>• Намалување на протокот на реките Оризарска и Голема река;<br>• Неконтролирано расчистување на вегетацијата;<br>• Создавање на различен вид на отпад (вегетација, комунален отпад, градежен отпад, асфалт итн). | |
| Веројатноста, времетраењето, фреквентноста и повратноста на влијанијата; | Директни ефекти се пренамената на земјиштето и нова инфраструктура, зголемен сообраќај и неповратната промена на пределот. Влијанијата се веќе идентификувани, мерките за нивно намалувње или елиминирање дефинирани се во Студијата за оцена на влијанието врз животната средина од брана и акумулација Речани со придружни објекти (дел од хидросистемот Оризарска река). |
| Кумулативната природа на влијанијата врз животната средина и животот и здравјето на луѓето | Кумулативната природа на влијанијата врз живототната средина и здравјето на луѓето може да бидат предизвикани од одделни развојни проекти. |
| Прекугранична природа на влијанијата; | Нема. |
| Ризиците по животот и здравјето на луѓето и животната средина (пр. како резултат на несреќи); | Опасност од ризици врз здравјето на луѓето или животната средина може да се јават како резултат на несреќи, пожари и хаварии. |
| Опсег и просторниот обем на влијанијата (географска област и големината на популацијата која ќе биде засегната). | Кочанската котлина со нејзината поширока околина се наоѓа во источниот дел на Р. Македонија.<br>Кочанската котлина се протега генерално на исток-запад, и зафаќа површина од околу 400 км$^2$ со средна надморска висина од 330 м ограничена на север со Осоговските планини со доминантна кота на Царев Врв (2084 м) кој благо се спушта према котлината, на југ-југоисток со планината Плачковица (Туртел 1607 м) кој стрмно се издига над котлината, на запад со Овчеполската висорамнина.<br>Населението во Кочани и Кочанско, во досегашниот развој, покажува различна динамика, како во однос на вкупното движење, така и врз структурните промени и просторната разместеност. На тоа влијаеле повеќе фактори, а посебно општествено-економските услови потоа промените во етничката структура, природно-географските специфичности, миграционите движења и др. Тие имале силен одраз врз мобилноста на населението, потоа депопулацијата, деграризацијата и обемот на урбанизацијата. Денес, општина Кочани, според пописот од 1994 година, има вкупно 32051 жители, 9221 домаќинства, 10474 станови и 2790 земјоделски стопанства. |

<table>
<tr><td></td><td>Споредено со првите резултати од пописот 2002 во Кочани има вкупно 33826 жители, што значи 1775 жители повеќе од 1994 година.<br>Денес на територија на општина Чешиново-Облешево живеат вкупно 7.490 жители (Попис 2002 година). Изразено во домаќинства, бројот изнесува вкупно 2.423 домаќинства или 2.960 станови за живеење. Просечен број на членови на едно домаќинство изнесува 3,1. Густината на населението изнесува 49,7 жители на 1 км$^2$.<br>На територијата на општината Зрновце живеат вкупно 3.264 жители.<br>Општина Виница се наоѓа во Источна Македонија. Центар на Општината е градот Виница, кој брои околу 14.000 жители.</td></tr>
<tr><td colspan="2">Потенцијалните економски и социјални влијанија кои би ги предизвикал планскиот документ како што се:</td></tr>
<tr><td colspan="2">Во фазата на изградба на проектот се очекува поголем број на лица што ќе бидат ангажирани и ќе се отвори можност за зголемување на бројот на жителите околу подрачјето на опфатот,</td></tr>
<tr><td colspan="2">Вредноста и ранливоста на областа која ќе биде засегната со донесување на планскиот документ:<br>Новопредвидените активности во планскиот опфат ќе бидат извори на емисии во воздух, вода, бучава, отпад, но се очекува истите да бидат контролирани и сведени во границите на максимално дозволени концентрации дефинирани во согласност со националното законодавство.</td></tr>
<tr><td>Посебни природни карактеристики или културно наследство</td><td>Согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл. весник. на РМ бр. 51/05, 137/07, 91/09, 124/10, 18/11, 53/11 и 144/12), во просторните и урбанистички планови, врз основа на документацијата за недвижното културно наследство, задолжително се утврдуваат плански мерки за заштита на спомениците на културата, како и насоки за определување на режимот на нивната заштита.<br>На подрачјето кое е предмет на овој Урбанистички план нема регистрирани градби од културно историско значење.</td></tr>
<tr><td>Надминувањата на стандардите за квалитет на животната средина или граничните вредности</td><td>Од предвидените плански содржини не се очекува надминување на стандардите за квалитет на животната средина, ниту пак на граничните вредности.</td></tr>
<tr><td>Интензивна употреба на земјиштето</td><td>На просторот на планскиот опфат не постои изграден градежен фонд.</td></tr>
<tr><td>Влијанијата врз областите или пејсажите кои имаат признат статус на национални или меѓународни заштитени подрачја.</td><td>На подрачјето на општина Кочани единствен заштитен споменик на природата е Дабовото стебло благун кој се наоѓа на значителна оддалеченост од планскиот опфат.</td></tr>
<tr><td colspan="2">Објаснете го степенот до кој планскиот документ поставува рамка за спроведување на проекти и други активности, во однос на локацијата, природата, големината и условите за работа или според одредувањето на ресурсите:<br>Во планскиот опфат ќе се реализираат проекти, кои се дел од Хидросистемот Оризарска река спаѓа во категоријата опфатена во Прилог 1, точка 12 Хидротехнички објекти.</td></tr>
<tr><td colspan="2">Објаснете ја околината во близина на проектот односно активноста која се планира да се спроведе со планскиот документ од аспект на можни влијанија врз животната средина. (пр. планот предвидува изградба на резиденцијални објекти во близина на индустриска зона, објаснете дали индустриската зона ќе има влијание врз животната средина на планираните резиденцијални проекти):<br>Браната со акумулацијата ќе биде лоцирана во источниот регион на РМ на 9 км воздушна линија од градот Кочани. На просторот на планскиот опфат не постои изграден градежен фонд.</td></tr>
</table>

| |
|---|
| **Објаснете ја важноста на планскиот документ за вклучување на аспектот на заштита на животната средина особено во поглед на промовирањето на одржливиот развој: (Да се наведе дали обемот на планскиот документ придонесува кон одржливоста и намалување на еколошките проблеми. Пр. еден инфраструктурен план може да има поголеми влијанија врз животната средина отколку некој образовен план на наставните планови)**<br>Имплементацијата на планскиот документ целосно е разгледан во Студијата за оцена на влијанието врз животната средина од брана и акумулација Речани со придружни објекти (дел од хидросистемот Оризарска река). |
| **Кои еколошки проблеми се релевантни за планскиот документ. Опишете зошто истите се релевантни и опишете ја нивната природа и сериозност. (Објаснете ги проблемите кои спроведувањето на планскиот документ може да ги предизвика или да доведе до нивно зголемување, проблемите кои може да го забават неговото спроведување, како и проблеми кои спроведувањето на планскиот документ може да ги реши или намали.)** |
| **Објаснете како планскиот документ кој е предмет на разгледување е поврзан со друг/и плански документ/и во хиерархијата на планирање. Наведете го називот на тој/тие плански документ/и и наведете ги клучните влијанија на тие плански документи врз животната средина.Определете ги разликите во клучните одлуки што се носат со предметниот плански документ и другите плански документи кои биле или ќе бидат предмет на оцена.**<br>На предметниот плански опфат Државно урбанистичка планска документација за Брана и Акумулација „Речани“ со придружни објекти (дел од хидросистемот „Оризарска Река“), досега не е изработена планска документација.<br>ДУПД е поврзана со:<br>- Просторниот План на РМ (2004);<br>- Стратегија за води на РМ;<br>- Втор Национален Еколошки Акционен План на РМ.<br>***Целите на сите наведени плански документи се усогласени со целите и содржините на ДУПД и нема разлика во клучните одлуки.*** |
| **Доколку потенцијалните влијанија на клучните одлуки во планскиот документ веќе биле предмет на оцена или веќе биле разгледани во други плански документи во некоја поранешна фаза, резимирајте ги главните заклучоци на таа оцена и како тие заклучоци се користени во процесот на одлучување. Опишете дали претхходно спроведената оценка е направена согласно најновите сознанија за влијанијата врз животната средина со цел да може истата да се користи во процесот на усвојување на постоечкиот плански документ.**<br>За планскиот документ изработена е Стратегиска оцена за заштита на животна средина. Планскиот документ бил предмет на оцена во Студијата за оцена на влијанието врз животната средина од брана и акумулација Речани со придружни објекти (дел од хидросистемот Оризарска река). |
| **Доколку потенцијалните влијанија од клучната одлука во овој плански документ ќе биде оценета во некоја подоцнежна фаза на планирање на пониско ниво, наведете како ќе обезбедите влијанијата што се утврдени во оваа фаза на донесување на планскиот документ да се земат во предвид при носењето на одлуката во подоцнежната фаза (пр. се спроведува стратегиска оцена на урбанистички план во кој се предвидува изграба на објект кој подлежи на постапка на оцена на влијанието врз животната средина).**<br>Согласно Законот за животна средина и Уредбата за определување на критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапката за оценка на влијанијата врз животната средина потребно е да се утврди потреба за спроведување на постапка за оценка на влијанието на проектот врз животната средина. Потребата од оцена на влијанијата врз животната средина ја донесува Органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина. Согласно Законот за животна средина, како и Законот за заштита на природата, правните или физичките лица кој вршат дејности или активности кои не спаѓаат во проектите за кои се спроведува постапка за оцена на влијанието врз животната средина се должни да изготват Елаборат за заштита на животната средина, со цел да се оцени влијанието на дејностите или активностите врз животната средина, пред да започнат со |

| | |
|---|---|
| спроведување на проектот и истиот да го достават до органот надлежен за одобрување на спроведувањето на проектот. Потенцијалните влијанија од имплементацијата на планскиот документ целосно се разгледани во Студијата за оцена на влијанието врз животната средина од брана и акумулација Речани со придружни објекти (дел од хидросистемот Оризарска река), Октомври 2011 година. | |
| ИЗЈАВА | Изјавуваме дека податоците дадени во овој формулар се точни, вистинити и комплетни. |
| Функција, име и презиме и потпис на лицето кој го носи планскиот документ во име на органот | Министер<br>Владо Мисајловски |
| Бр. 24-3818/1<br>Датум: 11.04.2017 год.<br>Место Скопје | М.П. |